**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -
Одделение за соработка со невладини организации

# Информација

## за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства во 2019 година

Скопје, март 2019 година

## 1. Вовед

Финансиската одржливост на граѓанските организации особено е значајна за ефективноста и активниот придонес на организациите во општествените процеси. Од тие причини, една од приоритетните цели на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 е унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации.

Финансиската поддршка на граѓанските организации од средствата на Буџетот на Република Северна Македонија е уредена во Законот за здруженија и фондации и Законот за игрите на среќа и забавните игри, но постојат и други закони во кои е предвидена можност за финансиска поддршка на здруженијата и фондациите, како на пример: Законот за животна средина, Законот за култура, Законот за спорт, Законот за заштита на потрошувачите, Законот за социјална заштита, Законот за инвалдиските организации, Законот за Црвен крст на РМ, Законот за Сојузот на борците од Народноослободителната и Антифашистичката војна на Македонија и др. Средствата од Буџетот наменети за финансирање на активности на граѓанските организации се предвидени во буџетската ставка 463-Трансфери до невладини организации, но некои органи на државната управа предвидуваат средства за оваа намена и преку ставката 464-Разни трансфери.

Во 2018 година, девет органи на државната управа обезбедиле средства за финансиска поддршка на здруженија и фондации и тоа: Министерство за одбрана, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за млади и спорт и Фондот за иновации и технолошки развој.

Останатите органи на државната управа, како што се: Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерство за надворешни работи, Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски, како и Генералниот секретаријат на Владата, Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, во Буџетот за 2018 година немале средства за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

Во 2018 година доделени се вкупно 428.903.454,00 денари финансиска поддршка на 888 здруженија и фондации, од кои 389.990.426,00 денари се доделени по пат на јавен оглас на 853 здруженија и фондации, а 37.857.781,00 денари се доделени без јавен оглас на 35 здруженија и фондации.

**2. Финансиска поддршка на здруженија и фондации во 2018 година, по институции**

Во Буџетот на **Владата на Република Северна Македонија**, потпрограма 10-Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, во 2018 година не беа предвидени финансиски средства, додека пак во Буџетот за 2019 година предвидени се 12.000.000,00 денари, за кои Генералниот секретаријат, согласно Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година („Службен весник на РМ" бр.5/19), на 31.1.2019 година објави Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

**Министерството за одбрана** врз основа на јавен повик објавен на 5.4.2018 година, додели 2.850.000,00 денари на 8 граѓански организации, за проекти кои имаат за цел поддршка на интегративните процеси на државата во Евроатланските структури, популаризација на Армијата меѓу граѓаните, зголемување на транспарентноста во одбраната, придонес во креирањето на одбранбената политика и реформите во одбраната и придонес кон значењето и улогата на родовите перспективи во одбраната. Во Буџетот за 2019 година на ова министерство не се предвидени средства за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

**Министерството за економија** од планирани 10.500.000,00 денари за финансиска поддршка на здруженија и фондации во Буџетот во 2018 година, по пат на јавен повик, додели 6.515.819,00денари, согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година („Службен весник на РМ" бр.17/18 и 130/18), од кои 5.000.000,00 денари на 16 кластерски здруженија преку Секторот за индустриска и инвестициска политика и 1.515.819,00 денари на 8 здруженија и фондации преку Секторот за претприемништво и конкурентност на мали и средни претпријатија. 5.500.000,00 денари предвидени за финансиска поддршка на здруженија и фондации за проекти од областа на туризам и рурален туризам не биле доделени. Во Буџетот за 2019 година на ова министерство предвидени се 23.500.000,00 денари за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

**Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**, согласно Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година („Службен весник на РМ" бр.16/18, 100/18, 127/18, 172/18, 193/18, 231/18 и 239/18) што се спроведува со буџетот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, додели 17.405.863,00 денари за финансиска поддршка на вкупно 30 здруженија и фондации, од кои 11.062.774,00 денари се доделени по пат на јавен оглас на 26 здруженија и фондации, а 6.343.089,00 денари се доделени без објавување на јавен оглас на 4 здруженија и фондации. Во Буџетот

за 2019 година на ова министерство предвидени се 77.880.000,00 денари за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

**Министерството за здравство**, со Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција за 2018 година („Службен весник на РМ бр.17/18) предвиде 47.209.400,00 денари за финансиска поддршка на здруженија и фондации. Притоа, врз основа на спроведен јавен повик доделени се 46.304.153,00 денари, од кои по завршувањето на активностите, заклучно со 31.12.2018 година, исплатени се 44.326.144,00 денари на вкупно 15 здруженија. Во Буџетот за 2019 година на ова министерство предвидени се 46.500.000,00 денари за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

**Министерството за труд и социјална политика** во 2018 година додели вкупно 109.018.804,00 денари на здруженија и фондации, од кои 89.065.804,00 денари по пат на јавен оглас и 19.953.000,00 денари без јавен оглас. Во средствата доделени по пат на јавен оглас спаѓаат: 70.000.000,00 денари за поддршка на активности на Национални инвалидски организации, здруженија за борба против семејно насилство и програмски активности на Црвен крст на РМ, согласно Законот за игри на среќа и забавни игри, 18.095.804,00 денари за организирано живеење со поддршка за лица со попреченост во менталниот развој над 18 години во 18 станбени единици, а 682.000,00 денари се доделени на 3 здруженија за проекти во областа на социјалната заштита. Во средствата доделени без јавен оглас спаѓаат: 14.000.000,00 денари доделени на 4 здруженија за финансирање на услугата персонална асистенција согласно Програмата за персонална асистенција на лица со попреченост за 2018 година, 5.573.00,00 на Сојузот на борци од НОАВМ 1941-45 и граѓани продолжувачи, согласно одлука на Владата и 380.000,00 денари доделени на 4 здруженија. Во Буџетот за 2019 година на ова министерство предвидени се 151.530.000,00 денари за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

**Министерството за култура** во 2018 година, по пат на јавен оглас, поддржа 659 проекти на здруженијата, со вкупно 132.081.636 денари од различни дејности од областа на културата, и тоа: визуелни уметности, архитектура и дизајн - 58 проекти, со вкупно 7.550.000 денари; фолклор, музичка и музичко-сценска дејност - 218 проекти, со вкупно 48.265.000 денари; драмска дејност - 31 проект со вкупно 13.350.000 денари; интердисциплинарни проекти - 180 проекти со вкупно 33.633.000 денари; заштита на недвижното, движното (библиотечна дејност, музејска дејност, заштита на аудиовизуелни добра) и нематеријалното културно наследство - 59 проекти со вкупно 6.340.000 денари и меѓународна соработка - 113 проекти, со вкупно 22.943.636 денари. Во Буџетот за 2019 година на ова министерство предвидени се 76.244.000,00 денари за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

**Министерството за животна средина и просторно планирање** во 2018 година, по пат на јавен оглас, додели 15.925.000,00 денари на 64 граѓански организации, согласно Програмата за инвестирање во животната средина. Во Буџетот за 2019 година на ова министерство предвидени се 14.000.000,00 денари за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

**Агенцијата за млади и спорт** во 2018 година, по пат на јавен оглас, додели вкупно 95.484.000,00 денари на 58 здруженија, од кои: 93.484.000,00 денари се доделени преку Секторот Спорт на 49 спортски федерации и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје согласно Програмата за развој на спорт и млади за 2018 година („Службен весник на РМ" бр.17/2018) и Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавни игри за 2018 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот („Службен весник на РМ" бр.17/2018), а 2.000.000,00 денари се доделени преку Секторот Млади на 8 здруженија за проекти со кои се промовира волонтерството (Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации бр. 2732/2 од 14.11.2018 година). Во Буџетот за 2019 година на Агенцијата за млади и спорт предвидени се 89.119.000,00 денари за финансиска поддршка на национални спортски федерации, а на 1.2.2019 година Агенцијата објави Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации кои ќе реализираат проекти за младите во областите: младинско учество, младинска работа, младинско информирање, квалитет на живеење, вработување и поддршка пред вработување, здравје и култура, со вкупен буџет од 3.000.000,00 денари.

**Фондот за иновации и технолошки развој** во 2018 година, без јавен оглас, додели вкупно 2.262.932,00 денари за финансиска поддршка на 4 здруженија и фондации. Во Буџетот за 2019 година на Фондот предвидени се 6.000.000,00 денари за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

## 3. Кофинансирање на ЕУ проекти

**Секторот за централно финансирање и склучување на договори на Министерството за финансии** во услови на децентрализирано спроведување на ИПА/ индиректно управување, во периодот 2011-2018 година има доделено вкупно 102 грант договори финансирани од Инструментот за претпристапна помош - ИПА, со вкупна вредност од 13.470.715,64 евра, од кои 10.957.724,89 евра ИПА средства, 1.358.317,76 евра средства од буџетот на државата (национално кофинансирање), а 1.154.672,99 евра се сопствени средства на организациите (кофинансирање од крајните корисници).

Во 2017 година склучени се 25 грант договори со вкупна вредност од 3.550.713 евра, од кои 2.816.389 ИПА средства, 365.410 евра средства од буџетот на државата (национално кофинансирање), а 368.914 евра се сопствени средства на организациите (кофинансирање од крајните корисници). Следењето на спроведувањето на овие проекти го врши ИПА Структурата на Генералниот секретаријат на Владата (грантова шема „Подобрување на вклученоста на граѓанското општество во реформите за интеграција во ЕУ“ EuropeAid/138660/ID/ACT/MK и грантовата шема „Подобрување на конкурентноста на земјата-корисничка на ИПА“ EuropeAid/138495/ID/ACT/MK).

Во 2018 година склучени се 6 грант договори со вкупна вредност од 1.130.565 евра, од кои 1.017.319 евра ИПА средства, а 113.246 евра се сопствени средства на организациите (кофинансирање од крајните корисници). Следењето на спроведувањето на овие проекти го врши ИПА Структурата на Министерството за правда (грантова шема „Зголемување на влијанието на граѓанското општество во ефективните реформи во секторот на правдата“ EuropeAid/159467/ID/ACT/MK).

**Министерството за локална самоуправа** во 2018 година има издвоено вкупно 60.000.000,00 денари за кофинансирање на проекти за прекугранична соработка, во висина од 15% од признаените трошоци на проектот. До средствата, покрај другите учесници, пристап имаат и граѓанските организации чиј што проект ќе биде одобрен за финансирање преку ИПА инструментот за прекугранична соработка. Исто така, во буџетот на министерството за 2019 година предвидени се вкупно 12.000.000,00 денари за кофинансирање на проекти преку ИПА инструментот за прекугранична соработка.

| Финансиска поддршка на здруженија/фондации во 2018 година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Институции | Вкупно доделени средства на здруженија/фондации во 2018 (во денари) | Вкупно доделени средства на здруженија/фондации во 2018 со јавен оглас (во денари) | Вкупно доделени средства на здруженија/ фондации во 2018 без јавен оглас (во денари) | Број на здруженија/ фондации кои добиле финансиска поддршка | Број на здруженија/ фондации кои добиле средства со јавен оглас | Број на здруженија/ фондации кои добиле средства без јавен оглас | Вкупно планирани средства во буџетот за 2019 година (во денари) |
| 1. Влада – Генерален секретаријат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.000.000,00 |
| 2.Министерство за одбрана | 3.000.000,00 (планирани средства) | 2.850.000,00 (доделени средства) | 0 | 8 | 8 | 0 | 0 |
| 3.Министерство за економија | 6.515.819,00 | 6.515.819,00 | 0 | 25 | 25 | 0 | 23.500.000,00 |
| 4.Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 17.405.863,00 | 11.062.774,00 | 6.343.089,00 | 30 | 26 | 4 | 77.880.000,00 |
| 5.Министерство за здравство | 47.209.400,00 (според Програма) | 46.304.153,00 (според Одлука) | 0 | 15 | 15 | 0 | 46.500.000,00 |
| 6.Министерство за труд и социјална политика | 109.018.804,00 | 89.065.804,00 | 19.953.000,00 | 25 | 16 | 9 | 151.530.000,00 |
| 7.Министерство за култура | 132.081.636,00 | 122.782.876,00 | 9.298.760,00 | 659 | 641 | 18 | 76.244.000,00 |
| 8.Министерство за животна средина и просторно планирање | 15.925.000,00 | 15.925.000,00 | 0 | 64 | 64 | 0 | 14.000.000,00 |
| 9.Агенција за млади и спорт | 95.484.000,00 | 95.484.000,00 | 0 | 58 | 58 | 0 | 89.119.000,00 |
| 10.Фонд за иновации и технолошки развој | 2.262.932,00 | 0 | 2.262.932,00 | 4 | 0 | 4 | 6.000.000,00 |
| **Вкупно** | **428.903.454,00** | **389.990.426,00** | **37857781,00** | **888** | **853** | **35** | **496.773.000,00** |


Финансиска поддршка во 2018
(по пат на јавен оглас и без јавен оглас)
150.000.000
140.000.000
130.000.000
120.000.000
110.000.000
100.000.000
90.000.000
80.000.000
70.000.000
60.000.000
50.000.000
40.000.000
30.000.000
20.000.000
10.000.000
0
МО
МЕ
МЗШВ
МЗ
МТСП
МК
МЖСП
АМС
ФИТР
Вкупно доделени средства во 2018
Вкупно доделени средства по пат на јавен оглас
Вкупно доделени средства без јавен оглас


Доделени средства од Буџетот во 2018 по пат на јавен оглас и без јавен оглас
9%
91%
Вкупно доделени средства по пат на јавен оглас 91%
Вкупно доделени средства без јавен оглас 9%


160.000.000
140.000.000
120.000.000
100.000.000
80.000.000
60.000.000
40.000.000
20.000.000
0
МО
МЕ
МЗШВ
МЗ
МТСП
МК
МЖСП
АМС
ФИТР
Вкупно доделени средства во 2018
Вкупно предвидени средства во 2019